# 375. МНОГУ МЕРАК ИМАМ БАБО




Многу мерак имам, бабо, по твојето моме.
Кажи, кажи, стара бабо, дал ќе ми го дадеш.

- Чекај, чекај јабанџиче Велигден да пројде,
ручек да направи, синко, гости да пречека.

Гости да пречека синко и да ги испрати,
тогај дојди јабанџиче, дојди погледаја,
дојди погледаја, синко, дојди земи си ја.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995